**Прашање и одговор 23-5767**

1. Дали општината има донесено Буџетски календар за фискалната 2022 година? Доколку има наведете линк до објавата.
    - Општина Кавадарци има донесено Буџетски календар за 2022 година, а истиот е објавен на Веб страната на општината во Сл.гласник бр.5 од 27.12.2021 година, на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-5-zip.pdf

2. Дали општината го има донесено Предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година? Ве молам наведете линк до документот.

    - Предлог план на програми за 2022 година општината има донесено, кој е составен дел на буџетот на општината за 2022 година , а на веб страната е објавен заклучок за одобрување на План на програми за развој за 2022 година во Сл.гласник бр.2 од 17.11.2021 година и тоа на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/SLUZBEN-GLASNIK-2-komplet.pdf

3. Дали имате објавено ребаланс на буџетот за 2022 година? Доколку да, наведете линк до објавата.

    - Општина Кавадарци има објавено ребаланс на буџетот за 2022 година на веб страната на општината во делот податоци >> буџет на општината >> ребаланс на буџет на општината, на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/budhet-na-opshtinata/

4. Дали на веб-страницата на општината е објавен граѓански буџет на општината за 2022 година? Наведете линк
    - На веб страната на општината не е објавен граѓански буџет за 2022 година.

5. Дали општината користела социјални мрежи за да информира за буџетот во 2022 година? Доколку има во прилог ставете ги линковите

    - Во врска со информирањето за буџетот за 2022 година , на веб страната на општината е објавен буџетот на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/budhet-na-opshtinata/

    - Во однос на расправа по точка на Совет, седниците на Совет се отворени,транспарентни и јавни, се емитуваат во живо преку медиумите, а доколку граѓаните поднесат известување за нивно присуство на истите, можат слободно

да присуствуваат. Информирањето е преку јавните гласила и јавните медиуми, социјални мрежи , на веб страната на Општина Кавадарци, на Огласната табла на општината. Линкови за информирање од локалните медиуми,социјални мрежи , видео седници на Општина Кавадарци

- http://rtk.mk/kavadarci/7274-video-usvoen-budzetot-
- https://www.facebook.com/rtkavadarci
- https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
- https://m.facebook.com/KTVKavadarci/posts/4689288611161367/
- https://www.youtube.com/channel/UCKXdl8ASOn-FY2T5M7EbCHA
- https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK

6. Дали општината користела социјални мрежи/веб страна за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2022 година? Доколку има во прилог ставете ги линковите
    - Да, објавени се средбите и јавните собири на Градоначалникот и службите на општината со граѓаните во месни и урбани заедници со цел прибирање на предлози од граѓаните, како дел од постапка за донесување на буџетот и тоа на социјалните мрежи на следниот линк
    - https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
    - https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK

7. Дали општината во 2021 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог буџетот за 2022 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот
    - Одговорот е во претходното прашање https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
    - https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK

8. Дали општината објавила листа на добиени предлози од граѓаните за буџетот за 2022 година на својата веб страна? Ако да, во прилог ставете го линкот
    - Не, не е објавена листа на предлози

9. Дали општината ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2022 година? Доколку се објавени, да се достави линк до објавата
    - Не се објавени иницијативите и проектите од граѓаните

10. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2022 година? Ако да, наведете го датумот на спроведување на анкетата, бројот на опфатените испитаници и линк до објавата?

- Нема спроведено анкети за 2022 година

11. Дали општината има пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот? Доколку има, ве молиме споделете го линкот каде е објавена оваа одлука или прикачете ја Одлуката во pdf формат

    - Општината има пропишано статутарна одлука, врз основа на која граѓаните земаат јавно учество во единиците на локалната самоуправа, но посебна пропишана одлука за вклучување во процес на планирање на буџет нема.

12. Дали општината во 2021 година организирала средба/ и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2022 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите

    - Не се организирани средби

13. Дали буџетот на општината за 2022 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и ? Ако да, која е таа буџетска програма и на која страна од буџетот се наоѓала?

    - Да, програма од областа на социјалната заштита за 2022 година донесена на седница на совет од 24.12.2021 година се финансира од буџетот за 2022 година, односно буџетска програма А0 471.

14. Дали општината има воспоставена комисија за еднакви можности за мажите и жените? Доколку има , наведете ја одлуката со која е основана и придружните акти кои поблиску ја уредуваат нејзината работа
    - Да, има воспоставена комисија за еднакви можности , формирана со Решение бр.08-4382/20 од 30.11.2017 година.

15. Дали на веб страната на општината се објавени извештаите за кварталното извршување на буџетот на општината за 2022 година? Ако да во прилог ставете го линкот до објавите

    - Да, објавени се извештаи по квартали на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/budhet-na-opshtinata/

16. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализација на буџетот за 2022 година?Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот
    - Не, не се организирала јавна трибина за завршна сметка

17. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековна и постојана резерва на буџетот за 2022 година, односно ги објавила намените за кои се реализирани овие средства? Ако да,во прилог ставете го линкот

- Тековните резерви се прикажани во Годишен извештај за 2022 година , и тоа на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Godisen-Izvestaj-2022.pdf

18. Дали општината го објавила планот за јавни набавки за 2022 година на својата веб страна? Доколку да , да се наведе линкот каде е објавен.

    - Да, Општина Кавадарци го има објавено годишниот план за јавни набавки за 2022 година на својата веб страна на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/read/nabavki/godishen-plan/

19. Дали општината во целост ги објавила сите склучени договори и анекси по основ на јавни набавки за 2022 година? Доколку да, да се наведе линкот каде е објавен

    - Да, Општина Кавадарци ги има во целост објавено сите склучени договори и анекси по основ на јавни набавки за 2022. https://kavadarci.gov.mk/read/nabavki/izvestuvanja/

20. Дали според завршната сметка за 2022 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи? Ако да, ставете линк

    - Според завршната сметка реализирани се планираните финансиските средства за социјално загрозени групи граѓани, линк до завршна сметка за 2022 година https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Godisna-smetka-2022.pdf

21. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2022 година, а се насочени кон надминување на родови разлики во општината? Ако да ,наведете линк

    - Во рамките на програмата за 2022 година на Комисија за еднакви можности е реализирано балансирање на родови разлики, но проекти нема. Во прилог ви ја праќам програмата на Комисијата за еднакви можности за 2022 година.